# ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор Инспекторат на Град Скопје

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Мирослав Богдановски- Раководител на Сектор

Љубе Стојковски- Раководител на Одделение за комунална инспекција

м-р Дејан Недев- Раководител на Одделение за комунални редари

Валентина Арсова- Раководител на Одделение за инспекција за патен сообраќај и инспекција за патишта

Драган Ивановски- Раководител на Одделение за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2018

За работата на Секторот Инспекторат на Град Скопје за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Врз основа на член 15 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РМ бр.50/10; 161/10; 157/11;147/13;41/2014; 33/2015;193/15; 53/16; 11/18; 83/18 и 120/18), Градоначалникот на Град Скопје донесува Годишна програма за работата на инспекциската служба, односно Секторот Инспекторат на Град Скопје најдоцна до 15 декември во тековната за наредната година. Согласно со Годишната програма се изготвува и Годишен извештај кој заради транспарентност се објавува на веб страната на Град Скопје.

Годишниот Извештај за работата на Секторот Инспекторат на Град Скопје дава преглед на активностите на сите видови на инспекции во Секторот Инспекторат на Град Скопје согласно со надлежностите дадени со Законот за инспекциски надзор, како и материјалните закони од надлежност на секоја инспекција поодделно за периодот од 01.01.2018 година заклучно со 31.12.2018 година.

Во Годишниот Извештај се презентирани активностите на инспекторите и нивната работа во смисла со исполнување на законската рамка за вршење на инспекцискиот надзор во сите области од надлежност на Инспекторатот на Градот Скопје.

Вкупниот број на вработени во Секторот Инспекторат во наведениот период изнесуваше 60 од кои 16 се комунални редари. Секторот Инспекторат во својот состав има 5 Одделенија кои покриваат 11 различни области и тоа:

1. Одделение за комунална инспекција;
   а) Комунална инспекција- Раководител и 8 комунални инспектори;

2. Одделение за комунални редари;
   б) Комунални редари- Раководител и 16 комунални редари;

3. Одделение за инспекција на патен сообраќај и инспекција на патишта:
   Раководител на Одделение и:
   в) Инспекција за патен сообраќај- 4 овластени инспектори;
   г) Инспекција за патишта- 2 овластени инспектори;

4. Одделение за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси:
   Раководител на Одделение и:
   д) Инспекција за наплата на комунални и други такси- 2 овластени инспектори;
   ѓ) Инспекција за данок на имот- 3 овластени инспектори;

5. Одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на Градот Скопје:
   Раководител на Одделение и:

е) Инспекција за животна средина- 4 овластени инспектори,
ж) Инспекција за образование- 2 овластени инспектори,
з) Инспекција за спорт- 2 овластени инспектори,
ѕ) Инспекција за туризам и угостителство- 2 овластени инспектори;

Надлежности на инспекторите од сите области во Секторот Инспекторат се базираат како на посебните материјални закони кои што се наведени во извештаите на секоја поединечна инспекција, така и на Закони од заедничка надлежност како: Законот за инспекциски надзор, Законот за општата управна постапка, Законот за прекршоци, Законот за постапување по претставки и предлози, Законот за локална самоуправа и Законот за Град Скопје.

Годишниот Извештај за работата на Секторот е изготвен и презентиран по Одделенија во согласност со Годишната програма за работа на Секторот Инспекторат.

Опременоста со компјутери е подобрена во однос на изминатиот период, но некои компјутери се веќе застарени и потребна е нивна замена. Инспекторите за патен сообраќај користат и таблет компјутери што секако ја подобрува и олеснува нивната работа. Сите инспектори и комуналните редари имаат и службени сим картички за мобилни телефони заради навремена комуникација со своите раководители на Одделенија.

Опременоста со возила не е оптимална, бидејќи некои инспекции користат заедничко возило, но во итни случаеви се користат и возилата од возниот парк на Градот, а исто така сите инспектори и комунални редари користат и службени слободни карти за јавниот градски превоз на ЈСП.

## 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА

### *а) Извештај за работата на Одделението за комунална инспекција*

Комуналните инспектори на Град Скопје вршат инспекциски надзор над примената на законите, другите прописи и акти од областа на комуналните дејности во надлежност на Град Скопје, како и над јавните комунални претпријатија во однос на нивното работење и спроведување на Годишните Програми, согласно со Законот за комунални дејности и Законот за Градот Скопје, односно над физичките и правните лица на кои Градот Скопје им дал концесија или дозвола за вршење на комунална дејност.

Годишниот Извештај има за цел да ги сумира и прикаже резултатите од извршената работа во 2018 година на комуналните инспектори на Град Скопје**.**
Инспекциските надзори се спроведуваа во урбаниот дел од територијата на градот Скопје според ГУП-от на градот, а кој ги опфаќа магистралните и собирните улици како и јавните површини од надлежност на Град Скопје.

Територијата на градот е поделена на 5 реони кои ги покриваат 8 комунални инспектори со соодветна техничка опременост.

Во изготвувањето на Извештајот за извршената работа во 2018 година земени се во предвид надлежностите на комуналните инспектори на Град Скопје согласно важечките законски прописи со кои се уредува начинот за водење на управната постапка и постапка за извршување на комуналните дејности и тоа:

- Закон за комунални дејности;
- Закон за јавната чистота;
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води;
- Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
- Закон за гробишта и погребални услуги;
- Закон за управување со пакување и отпадот од пакување;
- Закон за урбано зеленило;
- Одлука за комунален ред во Град Скопје.

Согласно погоре наведените законски прописи комуналните инспектори вршат инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија, над правните и физички лица на кои Градот Скопје им дал дозвола за вршење на комунална дејност во врска со следните активности:

1. ЈП Комунална хигиена:
   - одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини во летен и зимски период (метење, миење, чистење на снег и др);
2. ЈП Улици и патишта:
   - одржување и поставување на комуналните уреди и опрема;
   - одржување и користење на речните корита во урбаниот дел;
3. ЈП Паркови и зеленило:
   - одржување на зеленилото покрај магистралните и собирни улици;
   - одржување и користење на градските паркови, парк- шумите на подрачјето на градот Скопје, водените и спортско- рекреативни зони утврдени со ГУП;
4. ЈП Градски паркинг:
   - одржување на чистотата на јавните паркиралишта од значење на градот Скопје, утврдени со урбанистички план;
5. ЈП Водовод и канализација:
   - снабдување со вода за пиење од единствениот водоснабдителен систем на градот Скопје;
   - одведување и испуштање на атмосферските води;
   - одведување и пречистување на урбаните отпадни води;
6. АД Бутел:
   - одржување на чистотата на гробиштата и на придружните објекти;
   - контрола над работата на управителот на гробиштата, оператороти на погребалните услуги и каменорезачите;

7. Друштво за изнајмување на деловни простори АНИМАК МК ДООЕЛ Скопје, т.н. Кванташки Пазар:

- одржување на чистотата на пазарите на големо;

8. Физичките и правните лица како корисници и даватели на комуналните услуги:

- расчистување на снег на јавни површини пред деловните објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради**;**
- постапување со отпадот од пакување;
- користење на вода без водомер- диви приклучоци на градската водоводната мрежа;
- одржување на чистотата на дворните површини на јавните објекти и други комунални дејности.

Инспекцискиот надзор се врши преку:

- Редовен инспекциски надзор, кој се врши врз основа на Годишната програма за работа на инспекцијата;
- Вонреден инспекциски надзор, кој се врши врз основа на добиени писмени и усни преставки од физички и правни лица и
- Контролен инспекциски надзор, кој се врши по истекот на рокот определен од страна на инспекторот за отстранување на утврдените недостатоци;

Исто така, во изминатиот едногодишен период Јануари- Декември 2018 година покрај спроведување на контроли согласно со материјалните закони, комуналните инспектори се ангажираа во целосна примена на Законот за општа управна постапка и Законот за инспекциски надзор во однос на:

- водење на управни постапки;
- изготвување на квартални извештаи кои се објавуваат на веб страната на Град Скопје;
- изготвување на годишна програма;
- изготвување на годишен извештај;
- прием на странки.

Посебен акцент на работата на комуналната инспеција во тековната 2018 беше даден на:

1. 24-часовно дежурство на комуналните инспектори, инспекторите за животна средина и комуналните редари, во кординација со кол-центарот лоциран во Противпожарната бригада со отворена телефонска линија 193 за пријавување од страна на граѓани палење отпад и оган на отворено во контекст на загадувањето на воздухот во зимскиот период, при што имаше 365 дојави од граѓани, 69 интервенции со ППЗ бригадата, од кои 23 беше за запалени контејнери.

2. Секојдневна контрола на градилиштата во кординација со комуналните редари на Град Скопје и општинските комунални инспектори и комунални

редари во однос на излегување на возилата од градилишта со валкани тркала на улица и превоз на песок, земја, цемент, глина, земјоделско ѓубре, сено, отпад или слични материјали без претходна подготовка и поклопување на материјалите со поклопец.

3. Спроведувањето на голем број на акции во соработка со МВР, општинските комунални инспектори и Државниот пазарен инспекторат за отстранување на нелегални продавачи на бул.„Крсте Мисирков"– Бит Пазар, околу Зелен Пазар, пазарот Ченто и пазарот Буњаковец, ул.Брадфорска, нас Маџари и др. како и нелегално користење на јавна површина пред локалите на т.н. Пластичарска улица.

4. Секојдневна контрола на микролокаците на подземните контејнери во кординација со комуналните редари на Град Скопје и општинските комунални инспектори и редари во однос на оставање на домашниот смет на платформите а не внатре во контејнерите.

Во текот на 2018 година комуналните инспектори земаа активно учество на повеќе работилници и советувања за доследна имплементација на Законот за јавната чистота, Законот за комунални дејности и Законот за инспекциски надзор како и за разрешување на проблемите со кои се сочуваат во текот на работењето.

Извештајот за реализација на Годишната Програма за работата на комуналните инспектори на Град Скопје, со конкретно презентирани податоци за 2017 година е даден во следната табела:

| КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА - 2018 год. | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Име на акт** | **Број на акти во 2018 год.** |
| 1. | Редовен инспекциски надзор | 1247 |
| 2. | Контролен инспекциски надзор | 210 |
| 3. | Вонреден инспекциски надзор по претставки/барања | 186 |
| 4. | Записници | 1475 |
| 5. | Известување на странки | 186 |
| 7. | Заклучоци | 204 |
| 8. | Решенија | 210 |
| 9. | Предмети кои се во тек | 6 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за периодот 01.01.2018 до 31.12.2018година на **комуналните инспектори** на Градот Скопје*

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РЕДАРИ

### *б) Извештај за работата на Одделението за комунални редари*

Работењето на комуналните редари  во текот на 2018 година се засноваше на спроведување на Годишната програма и месечните планови за вршење контрола на терен.

Контролите  се реализираа на урбаниот дел од територија на Градот Скопје кој е поделен на 10 реони кои ги покриваа  16 комунални редари.

Во текот на 2018 година комуналните редари покрај редовните контроли во урбаниот дел на градот вршеа и вонредни контроли и акции во руралниот дел на градот како и покрај течението на реките Вардар и Лепенец и тоа на:
Усјански канал, Вардариште, по коритото на река Лепенец, Сарај и Матка. Овие контроли периоднично беа спроведувани и во соработка со општинските комунални редари и беа реализирани во три смени. Во соработка со МВР беа организирани и повеќе акции за остранување на дивите пазарџии околу пазарите во Град Скопје поточно на: Бит пазар, Зелен пазар, Буњаковец, Тафталиџе и др., а исто така во соработка со МВР, Општина Чаир и комуналните инспектори на Град Скопје беа спроведени и повеќе акции на т.н. Пластичарска улица.

Акцентот во работата на комуналните редари во 2018 година беше ставен и на спроведување на дежурства во смени на повеќе локации во Град Скопје за спречување на создавање на диви депонии и палење на истите пред сé на Вардариште, каде во континуитет од неколку месеци беа спроведени дежурства во смени; како и секојдневни контроли на сите градилишта на целата територија на Град Скопје.

Исто така во кординирана акција беа спроведени и дежурства на комуналните редари на Град Скопје и Општина Центар кои дежураа во централното градско подрачје покрај подземните контејнери.

Комуналните редари учествуваа и во 24-часовните дежурства преку кол центарот 193, заедно со комуналните инспектори и инспекторите за животна средина на Град Скопје.

Комуналните редари во своето работење ги применуваа следните Законски и подзаконски прописи:

Закон за јавната чистота;
- Закон за општа управна постапка;
- Закон за комунални дејности;
- Одлука за комунален ред на Град Скопје.

Комуналните редари на Град Скопје заради поефикасно вршење на работните задачи, континуирано соработуваат со општинските комунални редари од 10-те Општини во Градот Скопје, МВР, пазарна инспекција и Јавните комунални претпријатија на Град Скопје.

Исто така во изминатиот едногодишен период Јануари- Декември 2018 година покрај спроведување на Законите беа превземени активности и во однос на:

- учество на обуки, семинари и предавања и
- изготвување на Годишна програма, месечни оперативни планови, квартални извештаи и Годишен извештај.

Во текот на 2018 година комуналните редари земаа активно учество на повеќе работилници и советувања организирани од страна на ЗЕЛС за доследна имплементација на Законот за јавната чистота како и за разрешување на проблемите со кои се соочуваат во текот на работењето.

| **Комунални редари 2018** | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1. | Поднесени Записници за констатација *(Мандатни казни)* | 901 |
| 2. | Реализирани Записници | 901 |
| 3. | Поднесени барања за прекршочни пријави | 676 |
| 4. | Поднесени платни налози *(Мандатни казни)* | 34 |
| 5. | Потврда за одработена општо корисна работа | 191 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година на **комуналните редари** на Град Скопје*

Комуналните редари на Град Скопје изрекуваат глоба во износ од 50 евра во денарска против вредност во мандатна постапка на физичко лице ако:

- постапува спротивно на одредбите од членот 14 од Законот за јавна чистота,
- постапува спротивно на одредбите од членот 19 на овој закон и
- постапува спротивно на одредбите од членовите 20 став 2 и 21 на овој закон.

Комуналните редари се должни на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

Доколку сторителот на прекршокот од став 1 на овој член прифати да врши општокорисна работа, должен е истата да ја изврши во рок од 30 дена од денот на упатувањето за вршење на општокорисна работа и во рок од три дена по извршувањето да достави потврда за извршената општокорисна работа до инспекторот, односно униформираниот полициски службеник или комуналниот редар што го упатил на општокорисна работа.

Потврдата ја издава директорот на Јавното претпријатие за одржување на јавна чистота или директорот на правното лице каде се врши општокорисната работа, врз основа на писмен извештај изготвен од лицето овластено од

директорот на јавното препријатие за одржување на јавна чистота или директорот на правното лице за контрола при извршувањето на општокорисната работа.

## 3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИЈА НА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ИНСПЕКЦИЈА НА ПАТИШТА

### *в) Извештај за работата на инспекцијата за патен сообраќај*

Во изминатата 2018 година инспекторите за патен сообраќај на Град Скопје (четири овластени инспектори), своите работни задачи ги извршуваа согласно законската регулатива од обласга на превозот на патници на подрачјето на Град Скопје и тоа применувајќи го Законот за превоз во патниот сообраќај.

Годишниот извештај за работата на инспекцијата за патен сообраќај дава приказ за извршените активности кои беа планирани со Годишната програма за 2018 година.

Согласно Законот за превоз во патниот сообраќај за извршените инспекциски надзори од страна на овластените инспектори за патен сообраќај на Град Скопје имаме обврска на интернет страната на Град Скопје да се објавуваат квартални извештаи, при што истите се објавени во текстуална и табеларна форма.

Со Законот за превоз во патниот сообраќај инспекторите освен санкционирање со глоба од 500 евра и времено ги одземаат авто-такси возилата кои не поседуваат извод од лиценци за авто-такси возилото.

Покрај оваа активност, инспекторите за патен сообраќај на Град Скопје спроведуваа надзор и над примената на актите на Град Скопје со кои се регулираат општинскиот и посебниот превоз на патници.

Инспекциските контроли се одвиваа на три начини и тоа: редовен, вонреден, и контролен инспекциски надзор, при што беше утврдувано дали субјектите кои се предмет на надзорот ја поседуваат потребната документација согласно законските прописи за вршење на превоз на патници на подрачјето на Град Скопје.

Секаде каде што беше констатирано дека е направен прекршок согласно законските надлежности, инспекторите поднесуваа барања за поведување на прекршочна постапка до надлежниот орган (Комисијата за водење на прекршочна постапка при Министерството за транспорт и врски). Треба да се напомене дека контролите се одвиваа на целото подрачје опфатено со Генералниот урбанистички план за Град Скопје.

И во 2018 година инспекцијата за патен сообраќај главен акцент стави во разрешувањето на проблемите во авто такси превозот при што се изврши голем број на надзори. Тука треба да се напомене дека Секторот Инспекторат-Одделение за инспекција на патен сообраќај и инспекција за патишта во 2018 година имаше одлична соработка со МВР- СВР Скопје и Агенцијата за управување со одземен имот.

Поради недостиг од простор на плацевите во Агенцијата за управување со одземен имот инспекторите за патен сообраќај правеа контроли на терен но не

секогаш беа во можност времено да одземаат такси возила и да ги спроведуваат во Агенцијата за управување со одземен имот каде се чуваат возилата.

Оваа година карактеристични за инспекцијата за патен сообраќај се големиот број на поднесени Барања за поведување на прекршочна постапка за прекршоци направени поради неплаќање на билети во автобусите на ЈСП.

Следува табеларен приказ во кој се наведени бројот на направени Записници за констатација, бројот на поднесени Барања за поведување на прекршочна постапка, одговори од страна на Комисијата за водење на прекршочна постапка и сл.

| **Инспекција за патен сообраќај- 2018 год.** | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Име на акт** | **Број на акти во 2018 год.** |
| 1. | Контролирани превозници | 231 |
| 2. | Редовен инспекциски надзор | 116 |
| 3. | Контролен инспекциски надзор | 38 |
| 4. | Вонреден инспекциски надзор по претставки/барања | 1 |
| 5. | Известување на странки | 10 |
| 6. | Записници | 117 |
| 7. | Решенија за отстранување недостатоци | 3 |
| 8. | Решенија за времено одземање на возила | 35 |
| 9. | Барања за поведување на прекршочна постапка | 2107 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година на* ***овластените инспектори за патен сообраќај*** *на Градот Скопје*

Од горенаведеното може да се заклучи дека и оваа година приоритет на инспекторите за патен сообраќај беше воведувањето на ред во авто такси превозот како и зголемениот обем на работа со поведување на прекршочна постапка за патниците без билети во автобусите на ЈСП.

## *г) Извештај за работата на инспекцијата за патишта*

Инспекцијата за патишта на Град Скопје како приоритет во 2018 година го имаше секојдневното контролирање на состојбата на сообраќајниците во надлежност на Град Скопје. Целата територија на Градот Скопје беше поделена на два реони согласно бројот на овластени инспектори за патишта. При вршењето на контролите и обавувањето на секојдневните работни задачи беше опфатено

одржувањето на сообраќајниците, одржувањето на целокупната опрема и сообраќајна сигнализација поставена на сообраќајниците, рекламните објекти поставени во профилот на сообраќајниците, поставувањето на инсталациите во трупот на патот, санирање на прекопите на сообраќајниците и др. Покрај ова инспекцијата за патишта на Град Скопје согласно своите надлежности постапуваше и по преставки и барања поднесени од страна на правните и физички лица во врска со проблемите со кои истите се соочуваат.

Согласно Законот за јавните патишта, овластените инспектори за патишта на Град Скопје имаат обврска на интернет страната на Град Скопје да објавува квартални извештаи за извршените инспекциски надзори и истите се објавени во текстуална и табеларна форма.

Овластените инспектори за патишта својата работа ја извршуваа согласно законската регулатива при што се превземени повеќе мерки и активности за извршување на одредбите пропишани со Законот за јавните патишта.

Овој Годишен извештај ја прикажува работата на инспекцијата за патишта за 2018 година, кој што беше реализиран согласно Годишната програма за 2018 година.

Инспекциските надзори се спроведуваа како редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори.

Предмет на контрола беше следното:

- Контрола на издадените дозволи за поставување на инсталации во трупот на патот, за надолжни и напречни прекопи на патиштата и нивните составни елементи во надлежност на Град Скопје како и контрола на истите сé до нивно целосно санирање заради водење на водовите од ЕВН Македонија, Балкан енерџи груп, ЈП Водовод и канализација и др.;
- Контрола на издадените Дозволи за поставување на рекламни објекти (рекламни табли, тотеми и билборди), како и отстранување на оние рекламни објекти, кои немаат Дозвола за место за рекламирање;
- Контрола на хоризонталната, вертикалната и светлосната сигнализација на магистралните и собирни улици во надлежност на Град Скопје;
- Контрола на редовното одржување на коловозите, пешачките и велосипедските патеки, банкините, риголите, зелениот појас и другите неправилности и недостатоци кои тековно се појавуваат на сообраќајниците во надлежност на Град Скопје;
- Доставување на барања и известувања до Секторите во Град Скопје и Јавните претпријатија на Град Скопје задолжени за отстранување на констатираните неправилности и недостатоци;
- Контрола на времените режими на сообраќај издадени за објектите во градба;
- Контрола на шлеп службите на ниво на Град Скопје.

Имајќи ги во предвид спецификите на сообраќајот, а во функција на квалитетно и ефикасно спроведување на законските прописи овластените

инспектори за патишта континуирано соработуваа со овластените инспектори од другите градови во Република Македонија во мрежата на овластени општински инспектори која функционира во рамките на ЗЕЛС.

Податоците од извршените инспекциски надзори и констатираните недоследности се наведени во следната табела:

| **Инспекција за патишта- 2018 год.** | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Име на акт** | **Број на акти во 2018 год.** |
| 1. | Инспекциски контроли | 836 |
| 2. | Редовен инспекциски надзор | 69 |
| 3. | Контролен инспекциски надзор | 49 |
| 4. | Вонреден инспекциски надзор по претставки/барања | 32 |
| 5. | Известување | 78 |
| 6. | Записници | 69 |
| 7. | Заклучоци | 8 |
| 8. | Решенија | 49 |
| 9. | Барања за поведување на прекршочна постапка | / |

*Табеларен приказ на реализираните активности за период од 01.01.2018 до 31.12.2018година на* ***овластените инспектори за патишта*** *на Градот Скопје*

Од гореанаведеното може да се заклучи дека инспекторите за патишта на Град Скопје во оваа година направија записници и решенија за добивање на дозволи за саморекламирање и постапија по голем број на преставки поднесени од страна на правни и физички лица во врска со проблемите со кои истите се судираат.

Покрај ова во овој период постојано се вршеше контрола на направени прекопи и нивното враќање во првобитна состојба за што се издадени решенија за санирање, вршена е постојана контрола на состојбата на хоризонталната и вертикалната сигнализација, состојбата на коловозите и останатите составни елементи на сообраќајниците во надлежноста на Град Скопје и сл. на целата територија на Град Скопје.

Врз основа на планираната динамика може да се каже дека планот за годишна реализација на утврдените цели на Одделението е целосно реализиран.

## 4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДАНОЧНА ИНСПЕКЦИЈА И ИНСПЕКЦИЈА ЗА НАПЛАТА НА КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ТАКСИ

Одделението за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси во 2018 година работеше по Годишната програма за работа за 2018 година.

Програмата за работа на Одделението беше имплементирана во месечни оперативни планови кои беа изработувани тековно, водејќи притоа сметка за обврските на субјектите на надзорот како и капацитетите на одделението. Врз основа на планираната динамика можеме да истакнеме дека планот за годишна реализација на утврдените цели целосно е реализиран, а во поголем дел надминат.

### *д) Извештај за работата на инспекцијата за данок на имот*

Овластените инспектори за даноците на имот континуирано вршеа надзор на примена на законите, подзаконските акти и други прописи од областа на даноците на имот во надлежност на Град Скопје.

Согласно Законот за даноците на имот и Законот за инспекциски надзор од кои произлегуваат надлежностите и работните активности кои ги вршат инспекторите за даноци на имот на целата територија на Град Скопје, во текот на 2018 година беа опфатени следните полиња на работа и дејствување:

- Инспекциски надзор на правни лица, дали ги имаат пријавено деловните згради, простории и административни згради за данокот на имот;
- Инспекциски надзор над физички лица, дали го имаат пријавено данокот на имот;
- Постапување по дописи од општините во состав на Град Скопје;
- Постапување по барања на Секторот за финансиски прашања;
- Водење на управна постапка во прв степен и донесување на решенија;
- Постапување по претставки на граѓани за поведување на инспекциски надзор;
- Контрола на наплатата на годишниот данок на имот на правни и физички лица;
- Изготвување на анализи, информации и други материјали;
- Едукација на субјектите на надзор и заинтересирани лица;
- Обезбедување на навремени и во рок потребни информации до надлежни институции;
- Покренување и водење на постапка за порамнување;
- Предлози за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган во согласност со закон и др.

Во текот на 2018 година инспекторите за даноци на имот вршеа контрола над правни и физички лица- обврзници на данок на имот, а кои од различни причини не ја исполниле оваа обврска, при што истите се задолжени да поднесат соодветни даночни пријави за утврдување на данок на имот, како и следење на нивното процесуирање до изготвување на решенија за данок на имот.

Инспекторите за даноци на имот согласно законот вршеа проверка на состојбата на недвижниот имот кој е предмет на оданочување како и во однос на физички промени (доградби, надградби, реконструкции и др).

Постојано се вршеше едукација на даночните обврзници кои имаат проблеми кои се однесуваат на данокот на имот, утврдување на данокот на промет со недвижности и други права, данокот на наследство и подарок, како и решавање на сите претходни постапки пред други надлежни органи, особено во периодите кога се вршеше присилна наплата на данокот на имот за изминати периоди и очекуваните реакции на граѓаните.

Покрај наведеното, континуирано се контролираше и наплатата на веќе евидентираните даночни обврзници и истите беа обврзани да ги подмират даночните обврски доколку тоа не го сториле, односно не извршиле уплата во законски предвидениот рок.

Покрај извршувањето на горенаведените работни активности, инспекторите постојано контактираа и соработуваа со општините во Град Скопје како и со Секторот за финансиски прашања на Град Скопје од кои се добиени и предмети по кои овој сектор од разни причини не можел да спроведе постапка без утврдување на фактичка соистојба, односно без вршење на инспекциски надзор.

Реализирани предмети за 2018 година:

| ИЗВРШЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ДАНОЧНА ИНСПЕКЦИЈА за 2018 год. | | |
|---|---|---|
| Ред.бр. | Име на акт | Број на акти |
| 1. | Редовен инспекциски надзор | 116 |
| 2. | Контролен инспекциски надзор | 27 |
| 3. | Вонреден инспекциски надзор | 3 |
| 4. | Известување на странки | 34 |
| 5. | Записници | 146 |
| 6. | Решенија за запирање на постапката | 117 |
| 7. | Решенија | 34 |
| 8. | Барање за поведување прекршочна постапка | 0 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година на* ***даночната инспекција*** *на Градот Скопје*

***ѓ) Извештај за работата на инспекцијата за наплата на комунални и други такси***

Работните активности на инспекцијата за наплата на комунални и други такси во текот на 2018 година се засноваа на вршење на инспекциски надзор над примена на следните закони, а во согласност со Годишната програма за работа на Одделението:

- Законот за комунални такси;
- Закон за такса за привремен престој;
- Законот за даноците на имот;
- Закон за инспекциски надзор;
- Закон за градот Скопје.

Од горенаведените Закони, како и други подзаконски акти произлегуваат работите кои ги вршеа овластените инспектори за наплата на комунални и други такси во изминатата 2018 година и тоа:

- Инспекциски надзор на навремената уплата на таксата за привремен престој;
- Инспекциски надзор над наплатата на комунална такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли;
- Инспекциски надзор над наплатата на комунална такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси;
- Инспекциски надзор над наплатата на комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;
- Водење на управна постапка во прв степен и донесување на решенија;
- Постапување по барања на Секторот за финансиски прашања;
- Постапување по барање на Сектор за планирање и уредување на просторот;
- Постапување по дописи од општините во состав на Град Скопје;
- Изготвување на анализи, информации и други материјали;
- Едукација на субјектите на надзор, заинтересирани лица и др.

Контролата врз наплатата на таксата за привремен престој систематски се извршува во текот на целата година. Контролата ги опфаќа сите обврзници кои се во матичната евиденција на одделението, а кај новите, на што посебно се внимаваше со оглед на нивниот зголемен број.

За што поефикасен надзор врз наплатата на оваа такса, засилена е соработката со Секторот за локален економски развој со размена на информации и искуства со цел целосно регулирање на туристичко-угостителската дејност, што ќе допринесе за целосно пријавување и евиденција на субјектите кои се занимаваат со оваа дејност што ќе доведе до поефикасна наплата на оваа такса.

Инспекциски надзор врз наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли е извршен кај сите субјекти кои имаат регистрирано станици за технички преглед на моторни возила, а во евиденцијата се воведени и два нови обврзника кои со ова дејност се бават од крајот на 2017 г, при што е извршена едукација на вработените за обврската за оваа комунална такса, а дадение се и насоки за водењето на книговодствената евиденција која ќе овозможи ефикасен инспекциски надзор кој редовно се врши најмалку еднаш годишно кај сите обврзници на оваа такса.

Надзорот врз наплатата на комуналната такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси што за таа цел ќе ја определи општината е извршена кај сите субјекти кои имаат дозвола за вршење на дејност паркирање, како и кај оние субјекти кои располагаат со паркиралишта на кои вршат дејност паркирање со комерцијални цели, а истите се утврдени со урбанистички план, согласно Одлуката за паркиралишта од значење за Град Скопје донесена од Советот на Град Скопје.

Иницирани се постапки за комплетирање на документацијата за четири обврзника кои се занимаваат со оваа дејност, а сеуште немаат комплетна документација за добивање на дозвола за вршење на дејност од Советот на Град Скопје.

Инспекциски надзорот над наплатата на комуналната такса за користење на јавна површина пред деловен простор за вршење на дејност, по барање на Сектор за планирање и уредување на просторот и тоа за зимска сезона 2017/18, како и за летната сезона 2018 г.

За зимската сезона превземени се 24 предмети, додека за летната сезона од страна на Сектор за планирање и уредување на просторот во втората половина на октомври побарано е вршење на инспекциски надзор на 35 субјект кои поднеле целосна документација за користење на јавна површина пред деловни простории за вршење на дејност и на кои им е издадена пресметка за уплата на комуналната такса.

Постапено е по сите предмети, комуналната такса е наплатена во постапка кај најголемиот дел, а само за четири субјекта е поднесено барање за присилна наплата до Секторот за финансиски прашања, за два субјекта се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд, додека за преостанатите ќе биде поднесена во 2019 г. во согласност со законските рокови на постапката.

Реализирани предмети за 2018 година:

| ИЗВРШЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА НАПЛАТА НА КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ТАКСИ за 2018 год. | | |
|---|---|---|
| Ред.бр. | Име на акт | Број на акти |
| 1. | Редовен инспекциски надзор | 129 |
| 2. | Контролен инспекциски надзор | 58 |
| 3. | Вонреден инспекциски надзор | 13 |
| 4. | Известување на странки | 21 |
| 5. | Записници | 200 |
| 6. | Решенија за запирање на постапката | 68 |
| 7. | Решенија | 52 |
| 8. | Барање за поведување прекршочна постапка | 2 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година на* ***инспекцијата за наплата на комунални и други*** *на Градот Скопје*

Во текот на 2018 г. инспекторите за наплата на комунални и други такси работеа и по иницијативата започната од нивна страна за измени и дополни на Законот за комуналните такси, во соработка со Секторот за финансиски прашања, Секторот за планирање и уредување на просторот и Секторот за комунални дејности, при што бараните измени кои ја засегаат работата на ова одделение се скоро во целост прифатени од страна на Министерството за финансии на РМ. Исто така инспекторите од ова одделение учествуваа со конструктивни предлози и коментари на јавната расправа за новиот Закон за инспекциски надзор.

## 5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

### *е) Извештај за работата на инспекцијата за животна средина*

При изготвување на содржината на Извештајот за извршената работа на четири овластени инспектори за животна средина и двајца инспектори за животна средина по договор на дело за 2018 година се имаа во предвид надлежностите на инспекцијата за животна средина утврдени со законските и подзаконските акти како и донесената Програма за работа на овластените инспектори за животна средина за 2018 година.

Инспекцијата за животна средина на Град Скопје врши инспекциски надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на животната средина во надлежност на Град Скопје и спроведување на Годишната програма за работа на Одделението. Годишниот Извештајот има за цел да ги сумира и прикаже резултатите од извршената работа во 2018 година. Исто така за својата работа инспекцијата за животна средина изготвува квартални извештаи кои се објавуваат на веб страната на Град Скопје;

Инспекцијата за животна средина постапуваше согласно со следната законска регулатива:

- Закон за животна средина;
- Закон за управување со отпад
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување;
- Закон за заштита од бучавата во животната средина;
- Закон за амбиентален воздух;
- Закон за води;
- Закон за заштита на природата;
- како и останати подзаконски акти, Одлуки, Уредби и Правилници кои се донесени од страна на надлежните државни органи и локалната самоуправа.

Основното подрачје на вршење на инспекциски надзор на овластениот инспектор за животна средина на Град Скопје е целокупната територија на град Скопје утврдена согласно со Генералниот урбанистички план.

Овластените инспектори за животна средина тековно реализираа неопходни работни должности во согласност со добиените претставки од граѓани и други органи, како и по сопствено видување, односно инспекцискиот надзор го спроведуваа согласно со Законот за инспекциски надзор како редовен, контролен и вонреден, како и донесената Програма за работа на Одделението.

При тоа посебно внимание се даде на следните аспекти:

- контрола на документација;
- увид во простории како и на приватниот имот околу објектот кој е предмет на контрола;
- утврдување дали правниот субјект според активностите и видот на производство подлежи на издавање на Б- интегрирана еколошка дозвола;
- утврдување на капацитетот на правниот субјект и производството по просечна вредност на квартална основа;
- утврдување дали правниот субјект според капацитетот утврден со Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошката дозвола, подлежи на А или на Б интегрирана еколошка дозвола;
- утврдување на податоци и опис на операторот и инсталацијата, како и податоци за суровините, материјалите и енергиите произведени или употребени во инсталацијата;
- утврдување на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава и вибрации како и податоци за цврст и течен отпад во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- утврдување на податоци за точки на мониторинг и земање на примероци во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;

- утврдување дали правниот субјект согласно дејноста која ја врши подлежи на изработување на Елаборат за заштита на животната средина согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во Градот Скопје;
- Врз основа на иницијатива или барање -пријава поднесена од државни органи, физички или правни лица а каде што се наведува дека има индиции за зголемено ниво на бучава, или загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата итн., од страна на правен субјект (инсталација од областа на производството), а во надлежност на Градот Скопје, овластениот инспектор за животна средина повикува акредитирана лабораторија за вршење на испитување на нивото на бучава како и нивото на загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата итн. која во најкраток рок треба да достави технички извештај за извршеното мерење до овластениот инспектор за животна средина, заради превземање на потребните мерки и активности.

Во спроведувањето на редовните активности овластените инспектори за животна средина соработуваа и со: Министерството за животна средина и просторно планирање како и со Државните инспектори по животна средина при МЖСПП; Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, односно со Секторот за водостопанство, Секторот за шумарство и Шумската полиција; Министерството за внатрешни работи; вработените од Секторот за заштита на животната средина и природата во Град Скопје, вработените во Секторот за комунални работи во Град Скопје, овластените инспектори по животна средина и комуналните инспектори од Општините во градот Скопје.

Исто така, имајќи го во предвид искуството од претходните години кога во зимскиот период е зачестена појавата на загадување на воздухот, покрај редовните преземени мерки, Секторот Инспекторат и Секторот за заштита на животната средина и природата донесоа заклучок за превземање на вонредни мерки од страна на овластените инспектори за животна средина.

Уште во месец Октомври од вкупниот број на инсталации 40 кои подлежат на издавање на Б- интегрирана еколошка дозвола, од кои околу 20 се можни загадувачи на амбиенталниот воздух, како и 547 правни субјекти кои согласно дејноста која ја вршат подлежат на Елаборат за заштита на животната средина, од кои околу 25 се можни загадувачи на амбиенталниот воздух, овластените инспектори за животна средина спроведоа вонредни инспекциски надзори на инсталациите кои со решенија беа задолжени да извршат мерења на воздухот, водата и бучава и ги задолжија тие инсталации кои немаат извршено мерења да ги направат тие мерења во пропишаниот рок и да ги доставаат резултатите до Секторот за заштита на животната средина и природата.

Исто така беа извршени вонредни мерења и со овластена акредитирана лабораторија на 7 инсталации можни загадувачи на амбиенталниот воздух, ......................

Во текот на месец ноември и декември беше организирано и 24 часовно дежурство преку кол центарот 193, за пријавување на палење на отпад на јавни површини на територијата на Град Скопје, заедно со комуналните инспектори и комуналните редари на Град Скопје.

Извештајот за реализација на Годишната Програма за 2018 година за работата на овластените инспектори за животна средина на Град Скопје со конкретно презентирани податоци е даден во следната табела и ја презентира работата на вкупно три овластени инспектори за животна средина.

| **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА 2018 година** | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1. | Редовен инспекциски надзор | 294 |
| 2. | Контролен инспекциски надзор | 33 |
| 3. | Вонреден инспекциски надзор по претставки/барања | 49 |
| 4. | Вонреден инспекциски надзор со овластена акредитирана лабораторија | 7 |
| 5. | Известување на странки | 34 |
| 7. | Записници | 376 |
| 8. | Заклучоци | / |
| 9. | Решенија | 45 |
| 10. | Барања за поведување на прекршочна постапка | 1 |

*Табеларен приказ на реализираните активности од 01.01.2018 до 31.12.2018 година на* ***овластените инспектори за животна средина*** *на Град Скопје*

### ж) *Извештај за работата на инспекцијата за образование*

Со Годишниот извештај за работа на овластените просветни инспектори за 2018 година се сумирааат резултатите од извршената работа за изминатата година, имајќи ги при тоа во предвид овластувањата и надлежностите утврдени со Закон и подзаконски акти како и донесената програма за работа на овластените просветни инспектори за 2018 година.

Во изготвувањето на Извештајот за извршената работа во 2018 година земени се во предвид важечките законски прописи со кои се уредува воспитно-образовната дејност и тоа:

- Законот за просветната инспекција;
- Законот за средното образование;
- Законот за стручно образование и обука;
- Законот за ученичкиот стандард и
- Подзаконски акти (Правилници, Упатства, Одлуки, Уредби) кои се донесени од страна на надлежните државни органи и органите на локалната самоуправа.

Овластениот просветен инспектор на Град Скопје врши инспекциски надзор за ефикасно спроведување на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието во средните училишта на Град Скопје и ученичките домови кои се во надлежност на Град Скопје

Согласно Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18), Овластениот просветен инспектор врши инспекциски надзор над:

- Условите и постапката за основање и престанок со работа на воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- Условите за работа во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- Запишувањето на учениците во средните училишта на Град Скопје;
- Превозот, исхраната и сместувањето на учениците во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- Условите за избор на наставници и стручни соработници во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- Постапката за формирање на училишните органи во воспитно образовните установи основани од Град Скопје;
- Контрола над средствата стекнати од сопствени извори во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;

Исто така, Овластениот просветен инспектор при вршењето на надзорот е овластен да:

- остварува увид во извршувањето на законите, другите прописи и општи акти во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- укажува на извршување на законите и другите прописи, односно отстранување на констатираните недостатоци произлезени од примената на незаконски мерки или од повредата на законот и другите прописи во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- спречи спроведување на незаконски мерки, дејствија, работи и постапки во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- предлага поведување на дисциплинска постапка против вработените во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;

- предлага отстранување од работното место во случаите утврдени со овој закон и
- го известува Советот на Град Скопје за наодите од извршениот инспекциски надзор за случаите кога е потребно отстранување на повреди од таков карактер кои не трпат одлагање и го загрозуваат животот или здравјето на учениците и вработените во воспитно-образовниот процес.

Инспекцискиот надзор се реализира како:

- Редовен инспекциски надзор, кој се врши врз основа на Годишната програма за работа на инспекцијата;
- Вонреден инспекциски надзор, кој се врши врз основа на иницијатива од страна на ученици, родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовните установи и од други граѓани и
- Контролен инспекциски надзор, се врши по истекот на рокот определен од страна на инспекторот за отстранување на утврдените недостатоци;

На секој инспекциски надзор му претходи најава, при што директорот на училиштето/ученичкиот дом се информира за целите на надзорот и за документацијата која треба да биде подготвена за потребите на надзорот.

За извршениот инспекциски надзор се изготвува записник со наод на утврдената фактичка состојба, а за отстранување на недостатоците утврдени при редовните и вонредните инспекциски надзори се носат решенија со кои правните субјекти, односно одговорно лице во правното лице се задолжуваат да ги отстранат недостатоците во конкретно определен рок утврден со Закон. Доколку при вршење на инспекциски надзор Овластениот просветен инспектор констатира неправилности кои се во надлежност на друг орган, согласно одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози, со допис ја известува надлежната институција.Доколку при вршење на инспекциски надзор Овластениот просветен инспектор не констатира пропусти во работењето на правниот субјект ја запира постапката.

Во функција на квалитетно и ефикасно спроведување на законските прописи за унапредување на квалитетот на образованието, овластените просветни инспектори преку средби и консултативни состаноци континуирано соработуваат со директорите и стручните служби на јавните средни училишта во надлежност на Град Скопје, инспекторите од Државниот просветен инспекторат и овластени инспектори од други општини од Република Македонија во чија надлежност е средното образование, со советниците од Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието и Државниот испитен центар, со Активот на директори на средните училишта на Град Скопје, Секторот за средно образование на Град Скопје, со претставници на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), претставници на Агенцијата за вработување на Р.Македонија.

Имајќи го во предвид Календарот за работа на воспитно- образовните институции, динамиката на активностите за учебните 2017/2018 и 2018/2019 година и Годишната програма за работа на овластените просветни инспектори за 2018 година, редовниот инспекциски надзор во наведената година беше фокусиран на:

- запишувањето на учениците во средните училишта на Град Скопје согласно Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта на Република Македонија за учебната 2017/2018 година;
- бројот на запишани ученици во I (прва) година во учебната 2017/2018 година;
- задолжителноста на средното образование;
- постапката за формирање на органите на раководење и управување со училиштето,
- начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта на Град Скопје;
- исполнетост на услови за избор на наставиници и стручни соработници на определено време (старо финансирање), по објавен јавен оглас за учебната 2017/2018 година и
- друга проблематика во надлежноста на овластените просветни инспектори, а на иницијатива на родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовните установи и од други граѓани.

Споредбено со 2017 година евидентно е зголемената одговорност на училиштата по однос на законската обврска за задолжителност на средното образование што резултира со континуирано и доследно евидентирање на учениците кои нередовно посетуваат настава или го напуштиле школувањето и нивно редовно пријавување во инспекциската служба. Ова секако влијае на зголемување на бројот на вонредни надзори кои се однесуваат на почитување на законската обврска за задолжителност на средното образование. Истовремено, соодносот помеѓу бројот на вонредни надзори во врска со погоренаведената проблематика и бројот на барања за поведување на прекршочни постапки пред надлежен суд за родители/старатели на ученици кои не посетуваат настава или го напуштиле школувањето, укажува на фактот дека во голем дел, учениците го продолжуваат образованието како редовни или вонредни ученици.Во однос на оваа проблематика евидентен е зголемениот број на обвинителни пресуди кои се донесени од страна на надлежниот суд за родителите/старателите на учениците, односно евидентна е зголемената ефикасност во решавањето на постапките поведени пред надлежните органи, односно позитивно решавање на Барањата за поведување прекршочни постапки поднесени од страна на овластените просветни инспектори, не само за постапки покренати во 2018 година, туку и за постапки од претходните календарски години.

Во функција на спроведувањето на Торино- процесот кој се однесува на градењето база на податоци/докази за ефикасноста во спроведувањето на реформите во средното стручно образование односно исполнувањето на заклучоците за средното стручно образование и обука донесени во Рига, од страна на Министрите за образование на земјите членки на ЕУ и земјите кандидати за членство во ЕУ за периодот 2015-2020 година, во текот на 2017 година изготвени и до Центарот за стручно образование и обука како координатор на наведениот процес доставени се заклучоци во форма на извештаи кои укажуваат на напредокот во поглед на постигнатите резултати (СРР) во стручното образование и обука (СОО) во Република Македонија на среден рок. Извештаите се изготвени од страна на овластениот просветен инспектор Соња Ѓошевска Ивановиќ, како номиниран претставник на Град Скопје, член на работната група за спроведување на Торино-процесот во Република Македонија, а која за таа цел оствари работни средби во најголем дел од средните училишта на Град Скопје. Врз основа на добиените информации изготвени се следниве извештаи:

- „Напредок на клучните компетенции во средното стручно образование и обука", за периодот 2010-2017 година и
- „Известување за политики, за периодот март 2016- март 2017 година.

Информациите од погоренаведените извештаи ќе бидат искористени за формулирање на т.н. „Аналитичка рамка 2016-2017" која има за цел да даде одраз на исполнувањето на заклучоците за средното стручно образование и обука донесени во Рига за периодот 2015-2020 година и тоа во следниве 5 приоритетни области:

- Учење преку работа со посебен акцент на практикантство, преку вклучување на социјалните партнери, компании, комори на работодавци, даватели на образовни услуги во доменот на средното стручно образование како и преку стимулирање на иновативно и претприемничко учење;
- Понатамошен развој на системот за обезбедување на квалитет во средното стручно образование и обука;
- Подобрување на пристапот до средното стручно образование и обука;
- Понатамошно зајакнување на клучните компетенции преку иницијално и континуирано средно стручно образование и обука и
- Воведување на системски можности за континуиран професионален развој на наставниците во средното стручно образование и обука.

Со цел обезбедување и унапредување на квалитетот на образовниeто, а на покана на релевантни институции и јавни установи, во текот на 2018 година овластените просветни инспектори земаа учество на различни семинари, конференции, обуки, фокус групи, презентации и јавни расправи од областа на образованието и тоа:

1. Обука за Европски фондови и можности за финансирање на проекти, во

организација на Секретаријат за европски прашања, а на иницијатива на Град Скопје;

2. Семинар на тема: „Концепти и принципи на доживотно учење -Комуникација помеѓу институции“ во организација на Министерството за образование и наука;

3. Конференција на тема: „Професионален развој на наставниците во средните стручни училишта преку визуелно вмрежување и дигитално учење“;

4. Конференција на тема : „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“ во организација на USAID, а во соработка со Министерството за образование и наука;

5. Фокус група на вториот круг од Следењето на заклучоците од Рига во однос на напредокот во Среднорочните резултати (СРР) во стручното образование и обука (СОО) во Република Македонија, односно подлабока анализа и претставување на состојбите во однос на клучните компетенции во курикулумите за СОО во земјите кандидати за членство во ЕУ, во улога на претставник на ЗЕЛС и на Град Скопје, а на покана на Центарот за стручно образование и обука;

6. Конференција на тема: „Слобода и приватност“ во оганизација на фондацијата „Метаморфозис“, а во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) и Дирекцијата за заштита на личните податоци (ДЗЛП);

7. Трибина на тема: „Улогата на граѓанското општество и локалната самоуправа во промоција на правото на заштита на личните податоци’, во организација на Дирекцијата за заштита на личните податоци;

8. Одбележување на Европскиот ден за заштита на личните податоци во улога на партнер на проектот „Час по приватност“ во кој се вклучени средните училишта на Град Скопје, а на покана на Дирекцијата за заштита на лични податоци;

9. Завршна манифестација - презентација на резултатите од Еразмус+ проектот „Социјалната инклузија во нашето соседство – промени“ во кој, како партнерска организација учествува СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“;

10. Денови на електротехниката“- манифестација за промовирање на техничките науки меѓу основците, организирана од СЕУГС „Михајло Пупин“, во соработка со општините на територија на Скопје, Град Скопје како посебна единица на локалната самоуправа и социјални партнери од соодветната дејност.

Извештајот за реализација на Годишната програма за работа на овластените просветни инспектори на Град Скопје за 2018 година со конкретно презентирани податоци се дадени во следната табела:

| ИНСПЕКЦИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ – 2017 год. | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1. | Редовен инспекциски надзор | 98 |
| 2. | Инспекциски надзор по претставки/барања | 152 |
| 3. | Контролен инспекциски надзор | 21 |
| 4. | Известувања до странки (правни и физички лица) / преписки | 191 |
| 5. | Анализи/Согледувања | 9 |
| 6. | Решенија | 10 |
| 7. | Платен налог | 44 |
| 8. | Записник за порамнување | 44 |
| 9. | Барање за поведување прекршочна постапка | 28 |
| 10. | Заклучоци | 54 |
| 11. | Пресуди | **7** |

*Табеларен приказ на реализираните активности од 01.01.2018 до 31.12.2018 година на* ***овластените просветни инспектори*** *на Град Скопје*

## з) *Извештај за работата на инспекцијата за спорт*

Согласно годишната програма за работа, инспекторите за спорт на Град Скопје во текот на 2018 година своите активности ги засноваа на вршење на инспекциски надзор со примена на материјалниот закон односно Законот за спорт.

Во изминатата година, овластените инспектори за спорт ги спроведуваа контролите соодветно на законите и другите правни прописи и подзаконски акти, особено во следните области и надлежности:

- Дали спортските субјекти имаат добиено Решение за вршење на дејност спорт од Агенцијата за млади и спорт (согласно член 11 од Законот за спорт);
- Дали постојат услови за вршење на дејност спорт (обезбедени соодветни објекти, односно услови за тренирање, спортување и натпреварување, справи, реквизити итн.), во согласност со член 10 од Законот за спорт;
- Дали се ангажирани соодветни стручни лица (тренери со соодветно образование) во согласност со член 10 и член 27 од Законот за спорт;
- Дали се извршени лекарски прегледи на спортистите (евентуално дали земаат недозволиви стимулативни средства и др.) согласно членовите 51 до 56 од Законот за спорт;

- Дали на спортскиот натпревар има обезбедено итна медицинска помош (согласно член 58 од Законот за спорт);
- Дали има насилство на теренот и трибините (спротивно на член 59 став 1 од Законот за спорт);
- Дали е надминат капацитетот на гледалиштето (спротивно на член 59 став 3 од Законот за спорт);
- Дали се забележани расистички, верски или политички организирања и скандирања на присутната публика (спротивно на член 4 од Законот за спорт);
- Дали се обезбедени услови за одржување на турнири и систем на натпревари (согласно на член 22-а од Законот за спорт), итн.

Во текот на своето работење, инспекторите за спорт на Град Скопје имаа тесна соработка со Агенцијата за млади и спорт, Сојузот на спортови на Град Скопје, Македонскиот олимписки комитет, Заводот за спортска медицина, Факултетот за физичка култура, Националните спортски федерации, Сојузот на спортови на Македонија, како и спортските електронски и печатени медиуми.

Особено се посветуваше внимание на взаемните интереси во областа на спортот, а пред сé развојот на спортот (масовен, рекреативен, врвен и професионален спорт) на подрачјето на Град Скопје. Воедно инспекторите за спорт посветуваа внимание не само на правата и обврските на спортските субјекти односно клубовите, туку и на заштитата на правата на самите спортисти и спортските работници.

Исто така, во текот на 2018 година инспекторите за спорт иницираа соработка со Агенцијата за млади и спорт во делот на измените на Законот за спорт, околу инспекциската постапка и надлежностите на инспекторите за спорт во општините и Градот Скопје. Во тек е постапка на взаемно информирање и изнаоѓање на соодветните решенија со конкретни предлози околу законските измени.

| **ИНСПЕКЦИЈА ЗА СПОРТ – 2018год.** | | | |
|---|---|---|---|
| | **Извршени контроли на документацијата и условите за спортување** | **Изготвени записници и забелешки;** | **Донесени Решенија;** |
| Спортски субјекти | 80 | 80 | / |
| Спортски објекти | 16 | 16 | / |
| Спортски натпревари | 2 | / | / |
| Одржани состаноци,средби | 11 | / | / |
| Вкупно | 109 | 96 | / |

## *ѕ) Извештај за работата на туристичко- угостителската инспекција*

Основното подрачје на вршење на инспекциски надзор на овластените инспектори за туристичко- угостителска дејност на Град Скопје е територијата на Град Скопје утврдена согласно Генералниот урбанистички план.

При извршувањето на своите работни активности, двајцата туристичко-угостителски инспектори на Град Скопје во текот на 2018 година, својата дејност ја засноваа на вршење на инспекциски надзор со примена на следните материјални законски прописи, како и други законски и подзаконски акти:

- Закон за туристичка дејност,
- Закон за угостителска дејност и
- Закон за инспекциски надзор.

Овластените туристичко - угостителски инспектори во спроведувањето на соодветните Закони се овластени да ги спроведуваат инспекциските контроли врз основа на следниве надлежности:

- дали физичкото лице организира туристичко патување за своите членови и членовите на нивното потесно семејство преку туристички агенции, јавно ги
- огласува и рекламира туристичките патувања (чл.6, став1 од Законот за туристичка дејност);
- дали физичкото лице врши дејност на туристички водич, лице кое е стручен работник кој ја врши својата дејност водич на своето работно место кај правни лица во деловниот објект каде што работи (музеј, галерија, национален парк и сл.), стручен работник на туристичка агенција која придржува група туристи во место, водич во планина и пештера, како и водич или придружник на екскурзии или излети ( чл. 39, став 2 од Законот за туристичка дејност);
- дали физичкото лице врши дејност на туристички водич без положен соодветен стручен испит (чл.40, став 2 од Законот за туристичка дејност);
- дали туристичкиот водич ја носи легитимацијата на видно место со која се потврдува неговото својство (чл. 44, став 2 од Законот за туристичка дејност);
- дали туристичкиот водич поседува легитимација без истечен рок, а која е ограничена на 10 години важност (чл. 44, став 7 од Законот за туристичка дејност);
- дали физичкото лице издавањето на собите, апартманите, куќите и становите за одмор го врши преку туристичка агенција и туристичко биро врз основа на договор (чл.48 од Законот за угостителска дејност);

- дали давањето на угостититетелските услуги во куќи, апартмани и соби за одмор го врши спротивно на чл.51 од Законот за угостителска дејност;
- дали изнајмува соби, апартмани, куќи за одмор, спротивно на чл.46, став 1, точка1 и 2 од Законот за угостителска дејност;
- дали на видно место го има истакнато видот и категоријата на објектот (чл.51, став1, точка 1 од Законот за угостителска дејност);
- дали на видно место го истакнал називот на услугите што ги дава од чл.51, став 1,точка 2 од Законот за угостителска дејност;
- дали води Книга на евиденција на гостите (чл.51,став 1,точка 5 од Законот за угостителска дејност);
- дали конфекционираните угостителски услуги се вршат на места одобрени од градоначалникот на градот Скопје (член 41 став2)

Надзорот е редовен со претходна најава кај физичките лица кои вршат угостителска дејност, додека пак кај физичките лица кои вршат туристичка дејност, надзорот е редовен без претходна најава.

Во текот на своето работење, туристичко- угостителските инспектори на Град Скопје имаа тесна соработка со:

- Министерството за економија- Сектор за туризам и угостителство;
- Стопанска комора за туризам на Македонија;
- Здружение на туристички водичи и придружници;
- Сектор за локален економски развој на Град Скопје;
- Државен пазарен инспекторат- заеднички надзор.

Со цел унапредување на квалитетот на туризмот и угостителството на Град Скопје и поседување на детална евиденција на физичките лица - вршители на угостителска дејност  на покана од Сектор ЛЕР на Град Скопје, во текот на 2018 година овластените инспектори учествуваа на работни состаноци во салата на Советот на Град Скопје на тема: Превземање на активности за регистрирање и евиденција на физичките лица кои нудат услуги на сместување, согласно со Законот за угостителска дејност. На овој состанок учествуваа претставници од различни институции,односно:

- Министерство за економија,
- Агенција за промоција и подршка на туризмот,
- Државен Пазарен инспекторат,
- Претставници од секторите ЛЕР на сите општини во градот Скопје,
- МВР-Оддел за странци,
- Сектор ЛЕР на Град Скопје и
- Туристичко-угостителската инспекција на Град Скопје.

Овој состанок се оддржа повторно заедно со физичките лица - вршители на угостителска дејност се со цел појаснување на постапката за вршење на упис на угостителските објекти во регистрите на Општините во Град Скопје, на кој покрај физичките лица кои издаваат соби во Град Скопје учествуваа и претставници од

Министерство за Економија и туристичко-угостителската инспекција на Град Скопје. На овој состанок покрај горенаведеното се дискутираше и за повеќе проблеми и изнаоѓање на решенија за непречно извршување на обврските на угостителите и беше даден предлог-план за подобрување на туризмот и угостителството во 2019-та во Град Скопје.

Исто така се формираше и работна група од страна на врштелите на угостителска дејност и претставниви од ЛЕР која редовно ќе се состанува во одреден временски интервал.

Контролите од надлежност на туристичко- угостителската инспекција имаат за цел контрола на спроведување на законските и подзаконските акти од областа на туризмот и угостителството и подобрување на туристичко - угостителските услуги со цел подобрување на развојот на туризмот и угостителството на подрачјето на Град Скопје.

Извештајот за реализација на Годишната програма за работа на овластените туристичко-угостителски инспектори на Град Скопје за 2018-та година со конкретни податоци се дадени во следната табела:

| **ТУРИСТИЧКО - УГОСТИТЕЛСКА ИНСПЕКЦИЈА 2018 год.** | | | |
|---|---|---|---|
| **ИМЕ НА АКТ** | **ТУРИЗАМ** | **УГОСТИТЕЛСТВО** | **Вкупно** |
| | **Број на акти** | **Број на акти** | |
| Редовен инспекциски надзор | 95 | 73 | 168 |
| Контролен инспекциски надзор | / | 21 | 21 |
| Вонреден инспекциски надзор по претставки/ барања | / | / | / |
| Едукација на физичките лица кои вршат туристичка и угостителска дејност | 2 | 19 | 21 |
| Решенија | / | 20 | 20 |
| Мандатни платни налози | 1 | 1 | 2 |
| Барање за поведување на прекршочна постапка | / | / | / |

*Табеларен приказ на реализираните активности од 01.01 до 31.12.2018 година, на* ***овластените туристичко-угостителски инспектори*** *на Град Скопје.*

Извештајот за работата на овластените туристичко- угостителски инспектори на Град Скопје за 2018 година презентиран преку податоци дадени во приложената табела се однесува на:

- *Редовен инспекциски надзор*: Туристичко- угостителската инспекција постапува најчесто по редовен инспекциски надзор, односно редовна контрола на физичките лица кои вршат туристичка и угостителска дејност, односно туристички водичи, угостители кои издаваат станови, апартмани и соби во куќи (хостели) на туристите и угостители кои вршат конфекционирани угостителски услуги во наменски подвижни објекти.

- *Контролен инспекциски надзор*: Туристичко- угостителската инспекција врши контролен надзор кога ќе бидат констатирани неправилности по редовниот инспекциски надзор со цел да се утврди дали лицето постапило по решението за задолжување и ги отстранило констатираните неправилности.

- *Едукација*: Кога ќе се утврдат неправилности во редовниот инспекциски надзор се прави едукација на физичките лица кои вршат угостителска и туристичка дејност по однос на законот за угостителска и туристичка дејност и како да постапат за да ги отстранат утврдените неправилности.

- *Инспекциски надзор по претставки/барања*: Овој вид на надзор е вонреден надзор по пријави од граѓани и институции по кои туристичко-угостителската инспекција постапува многу ретко во текот на годината, што може да се види од горенаведената табела.

- *Решенија:* Инспекторoите за туризам и угостителство издаваат решенија доколку се констатираат неправилности во редовниот или вонредниот инспекциски надзор со цел да го задолжи физичкото лице кое врши туристичка или угостителска дејност, да постапи во одредениот рок со закон и да ги отстрани неправилностите, а кое се проверува со контролниот инспекциски надзор.

- *Одржани состаноци, средби*: Во текот на своето работење во 2018 година туристичко- угостителските инспектори присуствуваа на повеќе работни состаноци сé со цел подобрување на вршење на дејноста на инспекциски надзор преку одредени измени на законите за туристичка и угостителска дејност како и средби во врска со теми поврзани за поквалитетно вршење на туристичка и угостителска дејност во град Скопје преку примена на законите.

**СОДРЖИНА**

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ........ 2

1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА ........ 3

а) Извештај за работата на Одделението за комунална инспекција ........ 3

2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РЕДАРИ ........ 7

б) Извештај за работата на Одделението за комунални редари ........ 7

3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИЈА НА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ИНСПЕКЦИЈА НА ПАТИШТА ........ 9

в) Извештај за работата на инспекцијата за патен сообраќај ........ 9

г) Извештај за работата на инспекцијата за патишта ........ 10

4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДАНОЧНА ИНСПЕКЦИЈА И ИНСПЕКЦИЈА ЗА НАПЛАТА НА КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ТАКСИ ........ 13

д) Извештај за работата на инспекцијата за данок на имот ........ 13

ѓ) Извештај за работата на инспекцијата за наплата на комунални и други такси ........ 15

5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ........ 13

е) Извештај за работата на инспекцијата за животна средина ........ 17

ж) Извештај за работата на инспекцијата за образование ........ 20

з) Извештај за работата на инспекцијата за спорт ........ 20

ѕ) Извештај за работата на туристичко- угостителската инспекција ........ 28